ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
КАВАДАРЦИ

| Примено: 20-09-2024 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 5160/1 | | |

Заедничко јавно претпријатие
Регионален центар за згрижување
на бездомни миленици и ветеринарно здравство
„СТАЦИОНАР-ШЕПА"Кавадарци
Бр.02-3/1
**20.09.2024 година**

**ДО**
**-Совет на Општина Кавадарци**
**-Совет на Општина Велес**
**Совет на Општина Градско**
**Совет на Општина Росоман**
**Совет на Општина Демир Капија**
**Совет на Општина Свети Николе**
**Совет на Општина Лозово**
**Совет на Општина Чашка**
**Совет на Општина Неготино**

ПРЕДМЕТ : Достава на акти од Управен одбор

Во прилог на овој допис Ви доставуваме ,

- Статутарна Одлука за донесување на Статут на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР-ШЕПА"Кавадарци со арх.бр.02-02/3 донесена на седница на Управен одбор на јавното претпријатие одржана на ден 19.09.2024 година.

Со почит,

Заедничко јавно претпријатие
Регионален центар за згрижување
на бездомни миленици и ветеринарно здравство
„СТАЦИОНАР-ШЕПА"Кавадарци
ВД Директор
Снежана Гинева

Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство
СТАЦИОНАР - ШЕПА
Бр. 02-0215
19.09 2024 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 и член 29 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Сл.весник на РСМ број 275/19 и 274/22),

Управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР-ШЕПА"Кавадарци, на седницата одржана на ден 19.09.2024 година донесе Статутарна Одлука за донесување на ,

# С Т А Т У Т
## на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР-ШЕПА"Кавадарци

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

| Примено: 20.09.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 5160/2 | | |


## *1.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ*

### Член 1

Со статутот на Заедничкото јавното претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР-ШЕПА"Кавадарци, поблиску се уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста,управувањето и раководењето со јавното претпријатие,општите акти и постапката за нивното донесување,како и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на јавното претпријатие.

### Член 2

Основачи на ова јавно претпријатие се: ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, ОПШТИНА ГРАДСКО, ОПШТИНА РОСОМАН, ОПШТИНА ЧАШКА, ОПШТИНА ЛОЗОВО, ОПШТИНА ВЕЛЕС И ОПШТИНА НЕГОТИНО и ги имаат сите права и обврски кои произлегуваат од Законот и другите прописи.

### Член 3

Претпријатието има својство на правно лице.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка во рамките на дејноста која е запишана во надлежниот регистар.

За обврските спрема трети лица превземени во свое име и за своја сметка, претпријатието одговара со целиот имот.

Заедничкото јавното претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР-ШЕПА"Кавадарци, (во понатамошниот текст Претпријатие) се основа заради вршење дејност од јавен интерес на подрачјето на Општините - основачи.

### Член 4

Претпријатието е основано со Одлуки на Советите на општините и тоа:

- Општина Кавадарци,одлука број 085743/38 од 26.09.2023 година,
- Општина Свети Николе, одлука број 08-01/604 од 06.12.2023 година,
- Општина Демир Капија, одлука број 08-774/16 од 10.11.2023 година,
- Општина Градско, одлука број 08-463/14 од 15.11.2023 година,
- Општина Росоман, одлука број 08-724/1.3 од 07.01.2023 година,
- Општина Чашка, одлука број,
- Општина Лозово, одлука број, 0801-1687/1 од 15.11.2023 година,
- Општина Велес, одлука број 25-4864/21 од 28.11.2023 година,
- Општина Неготино, одлука број 08-915/5 од 12.12.2023 година

Претпријатието е запишано во Трговскиот регистар со одлуки за основање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар на 16.02.2024 година со ЕМБС:7744528.

### Член 5

Во работењето на Претпријатието,службен јазик е македонскиот јазик со неговото кирилско писмо.

## *2. ФИРМА И СЕДИШТЕ*

### Член 6

Претпријатието во правниот промет настапува под следниот назив:

**Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР-ШЕПА“Кавадарци.**

Скратениот назив на Претпријатието гласи:

**ЗЈП “СТАЦИОНАР-ШЕПА“-Кавадарци.**

### Член 7

Седиштето на Претпријатието е во Кавадарци, на ул.Смаилица бр.71 Кавадарци.

За промена на називот и седиштето на Претпријатието одлучува Управниот одбор на Претпријатието,по претходно добиена согласност од Советите на Општините - основачи.За овие промени потребна е согласност од сите основачи.

*3.ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ*

Член 8

Претпријатието има печат во форма на круг,со пречник од 32мм со текст испишан на кирилица (печатни букви) со фирмата на претпријатието.

Член 9

Претпријатието има штембил во форма на правоаголник со димензии 50x25мм на кој е испишана фирмата на претпријатието со место за запишување на бројот и датата под кој документот се заведува во деловодната книга.

Член 10

Начинот на употреба на печатот и штембилот се утврдува со посебен акт на претпријатието.

Претпријатието може да има амблем со кој се создава визуелен идентитет на претпријатието, кој ја симболизира неговата дејност. Формата и содржината на амблемот го утврдува Управниот одбор на претпријатието.

*4.ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ*

Член 11

Во рамките на своите овластувања,Претпријатието го застапува и претставува Директорот на Претпријатието.

Директорот на Претпријатието може, преку писмено полномошно,да овласти друго лице да го застапува и претставува Претпријатието.

Содржината и обемот на овластувањето од претходниот став го определува Директорот на Претпријатието.

*5.ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

Член 12

Претпријатието е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на хуман третман,заштита и благосостојба на животните како комунална дејност од јавен интерес на територијата на Општина Кавадарци, Свети Николе, Демир Капија, Градско, Росоман, Чашка, Лозово, Велес и Неготино.

Член 13

Во правниот промет и во односите со трети лица,Претпријатието истапува во свое име и за своја сметка,само во рамките на дејноста која е запишана во регистарот.

За обврските спрема трети лица превземени во свое име и за своја сметка,Претпријатието одговара со целиот свој имот.

## Член 14

**Основна дејност на претпријатието е под шифра која гласи:**

**01.49 – Одгледување на други животни**

Во функција на основната дејност врши и други дејности:

75.00 – Ветеринарни дејности

01.62 – Помошни дејности за одгледување на животни

96.09 – Останати лично-услужни дејности, неспомнати на друго место

Претпријатието може да врши други споредни дејности според НКД.

## Член 15

Заради остварување на својата дејност,а согласно Законот за комунални дејности, Законот за локална самоуправа, Законот за јавни претпријатија, Законот за заштита и благосостојба на животните,Претпријатието ги врши следните активности:

-Преземање на соодветни мерки се со цел ефикасна заштита на бездомните кучиња на територијата на Општините - основачи.

-Редовно хранење, напојување и лекување на кучињата,доколку е потребно.

-Вршење контрола на популацијата на бездомни кучиња во Општините основачи.

-Привремено сместување на заловените кучиња во прифатилиштето и доколку е потребно кастрирање(стерилизација),лекување,здравствена заштита,тест за социјализација и други дејности,согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,по што истите треба да се вдомат или да се вратат во областа од каде биле заловени.

-Одбележување на бездомните кучиња со микрочип за идентификација.

-Вршење евтаназија.

-Изготвување на повеќегодишен план и програма врз основа на кој ќе се врши истата,а кој ќе биде доставен до Агенцијата за храна и ветеринарство на одобрување.

Член 16

Претпријатието,дејноста од јавен интерес ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна,во согласност со Законот,овој Статут и другите прописи со кои се уредуваат условите и начинот на вршење на дејностите од јавен интерес.

Претпријатието е должно да обезбеди јавност и транспарентност во своето материјално и финансиско работење согласно со Законот, со овој Статут и Меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.

## *6.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

Член 17

Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР-ШЕПА"Кавадарци се организира така што дејноста заради која е основано ја врши на начин со кој се обезбедува:

-Техничко-технолошко и економско единство на системот,

-Ефикасност и транспарентност во работењето,

-Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој,

-Заштита и унапредување на добрата од општ интерес,

-Трајно,уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги и

-Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

Член 18

Организационите единици на претпријатието претставуваат и дејствуваат како единствена целина во рамките на истото и немаат својство на правни лица, но можат да настапуваат во правниот промет во име и за сметка на јавното претпријатие.

Дејноста на претпријатието се организира во рамките на организациони единици со формирање на подружници, сектори и одделенија.

Основањето на нови сектори и одделенија, спојување, укинување или поделба на постојните, се врши со Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за организација, за што одлучува Управниот одбор на претпријатието во согласност со програмата за работа и потребите на претпријатието и во зависност од техничко-технолошките карактеристики на процесот на работа.

Внатрешната организација на претпријатието се утврдува со Правилник за организација и систематизација на работните места на предлог на Директорот, а го донесува Управниот одбор.

## *7.ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

**Член 19**

Органи на управување на претпријатието ќе бидат:

-Управен одбор

-Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и

-Директор

## *7.1.УПРАВЕН ОДБОР*

**Член 20**

Управниот одбор на Заедничкото јавно претпријатие се состои од седум (7) членови кои ги именуваат и разрешуваат Советите на Општините кои го основаат Заедничкото јавно претпријатие и тоа на начин што Советите на Општините Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Росоман и Демир Капија именуваат по еден член.

Советот на секоја од Општините може да го разреши само членот на Управниот одбор кој самиот го именувал.

Постапката за именување и разрешување на членовите на Управниот одбор се врши согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија.

Мандатот на членовите на Управниот одбор е 4 (четири) години со право на уште еден последователен мандат.

За својот ангажман, членовите на Управниот одбор имаат право на паричен надоместок – паушал.

**Член 21**

Управниот одбор има претседател кој се бира од редот на своите членови. Со првата седница на Управниот одбор претседава најстариот член.

Претседателот на Управниот одбор:

- Го претставува Управниот одбор
- Ги свикува и раководи со седниците на Управниот одбор
- Ги потпишува актите на Управниот одбор
- Врши други работи определени со Закон, овој Статут и Деловникот за работа на Управниот одбор

- Управниот одбор на Заедничкото јавно претпријатие ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на Јавното претпријатие во согласност со Законот.

## Член 22

Управниот одбор на Претпријатието ги има следниве овластувања:

1.Го донесува Статутот на Јавното претпријатие и статутарните одлуки

2. Ја усвојува Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие по предлог на Директорот

3.Ја утврдува деловната политика

4. Ја донесува Годишната инвестициона програма

5.Ја усвојува Годишната завршна сметка на Јавното претпријатие и го усвојува Извештајот за работењето на јавното претпријатие

6.Одлучува за употребата на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривање на загубите

7.Ги донесува Одлуките за инвестиции

8.Ги утврдува цените на производите и услугите

9.Одлучува, односно дава согласност на актите за Внатрешната организација и систематизација на работни места во Јавното претпријатие

10. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените

11. Донесува деловник за работа

12. Склучува колектиивни договори

13. Одлучува по жалби и приговори

14. Утврдува начин за утврдување на основната плата и додатоци на плата на вработените во претпријатието

15. Формира комисии и други помошни тела и

16. Врши други работи утврдени со актот за основање и Статутот на Јавното претпријатие.

На актите од член 22, став 1, алинеи 1,2,4,5,6,7, и 10 согласност дава основачот.

За донесување на нов Статут потребна е согласност од сите основачи-Општини. За промени и донесување на статутарни одлуки потребно е апсолутно мнозинство односно доволнисе 5 (пет) Општини-основачи да дадат согласност.

## Член 23

Управниот одбор полноправно работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат 4 (четири) членови на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени, ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Секој член на Управниот одбор има еден глас.

Работите и начинот на одлучување на Управниот одбор се уредува со Деловник за работа на Управниот одбор.

## Член 24

Членовите на Управниот одбор во донесувањето на одлуките одговараат неограничено и солидарно.

Одговорноста на Управниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите за управување.

## *7.2.НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ*

## Член 25

За вршење на контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатиесе формира Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во понатамошниот текст Надзорен одбор),составен од три (3) членакои ги именуваат и разрешуваат Советите на Општините кои го основаат на начин што Општините Лозово, Градско и Велес именуваат по 1 (еден) член.

Членовите на Надзорниот одбор се именуваат со мандат од четири (4) години со право на уште еден последователен мандат.

Советот на секоја од Општините може да го разреши само членот на Одборот за вршење на контрола на материјално-финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие кој самиот го именувал.

Постапката за именување и разрешување на членовите на Надзорниот одбор се врши согласно одредбите на Законот за јавните претпријатија.

Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седница на Управниот одбор.

## Член 26

Надзорниот одбор својата работа ја врши согласно надлежностите предвидени со Законот и Статутот.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку 4 пати годишно.

За својот ангажман членовите на Надзорниот одбор имаат право на паричен надоместок - паушал.

Одборот од став 1 на овој член задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работата на претпријатието и дава мислење до Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работењето на претпријатието,како и тримесечните извештаи кои содржат показател за финансиското работење,ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор.

За резултатите од извршената контрола,Надзорниот одбор писмено го известува Управниот одбор,Советите на Општините - основачи и Министерството за финансии.

**Член 27**

Членовите на Надзорниот одбор во вршењето на своите надлежности,со кои се нанесува штета на Претпријатието одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со извршувањето на таквите одлуки.

Одговорноста на членовите на Надзорниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите за управување.

### *7.3.ДИРЕКТОР*

**Член 28**

Со работата на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР-ШЕПА"Кавадарци раководи Директор.

Директорот се избира по пат на јавен оглас во согласност со Законот за јавни претпријатија,а изборот го врши Градоначаникот на Општината на чие подрачје е седиштето на ЗЈП „СТАЦИОНАР-ШЕПА" со претходна согласност на градоначалниците на Општините основачи.

Изборот се врши со апсолутно мнозинство односно со 31 бод од вкупно 60 бода, при вредноста на гласот на секој Градоначалник е изразена во бодови во зависност од надоместокот кој што го уплаќаат на годишно ниво, а се однесува на фиксен оперативен трошок и тоа на следниов начин:

- Општина Велес – 20 бода
- Општина Кавадарци - 16 бода
- Општина Неготино - 8 бода
- Општина Свети Николе - 7 бода
- Општина Демир Капија - 2 бода

- Општина Чашка - 3 бода
- Општина Градско - 1 бод
- Општина Лозово - 1 бод
- Општина Росоман - 2 бода

Вршител на должноста Директор за избор на Директор именува Градоначалникот на чие подрачје е седиштето на Заедничкото јавно претпријатие на ист начин како што се избира и Директорот согласно став 3 од овој член.

Одлуките на Градоначалниците на Општините основачи на Заедничкото јавно претпријатие за распишување на јавен оглас, за избор и разрешување на директор и за именување и разрешување на вршител на должност директор во име на сите Градоначалници ги потпишува Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Мандатот на Директорот на Претпријатие трае 4 години со право на реизбор.

**Член 29**

Директорот на Претпријатието во рамките на своите права и должности:

1.Го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор;

2.Ја предлага и учествува во спроведувањето на основите на деловната политика,Програмата за работа и развој на Претпријатието;

3.Донесува акти и дава налози и упатства за извршување на работите од неговиот делокруг, за спроведување на основите на Програмата за заловување и хуман третман,заштита и благосостојба на бездомните кучиња , на подрачјето на Општините - основачи;

4.Учествува во утврдувањето на критериумите за користење и распоредување на средства и управување со средствата остварени со работење на Претпријатие;

5.Врши усогласување на деловната активност на Претпријатието;

6.Го застапува и претставува Претпријатието , склучува договори и превзема други правни работи во согласност со Законот;

7.Предлага донесување на акти од делокругот на Управниот одбор;

8.Ги предлага Актот за внатрешната организација и Актот за систематизација на работните места, на кои согласност дава Управниот одбор на Јавното претпријатие;

9.Го подготвува и донесува Годишниот план за вработување во Претпријатието по претходна согласност од Советите на општините основачи;

10.Донесува одлуки за потреба за засновање на работен однос,избор и засновање на работен однос,Акт за унапредување на вработените,нивно

распоредување и престанок на работниот однос,стручно усовршување и управување со ефектот на вработените согласно со Закон;

11.Ја утврдува вредноста на бодот на основната плата и донесува правилник за плати на Претпријатието;

12.Должен е секои шест месеци да доставува извештај за работата на Јавното претпријатие до Управниот одбор,односно до градоначалниците на општините основачи;

13.Го објавува тримесечниот извештај, кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на Јавното претпријатие на Веб страната на Јавното претпријатие;

14.Го следи и анализира извршувањето на плановите и договорните обврски и превзема мерки за нивно остварување;

15.Издава Полномошно за застапување на Претпријатието;

16.Формира комисии од негова надлежност;

17.Донесува упатства,наредби,задолженија,овластувања и налози,со кои се обезбедува работењето на Претпријатието;

18.Донесува одлука за работното време на работниците и одмор во текот на работата;

19.Донесува Правилник за работен ред и дисциплина;

20.Изрекува дисциплински мерки и донесува одлуки за надомест на материјална штета;

21.Обезбедува мерки за заштита на работниците и животната средина и

22.Врши и други работи во согласност со Закон,овој Статут и другите акти на Претпријатието.

**Член 30**

Договорот со кој се уредуваат односите на Директорот со Претпријатието, во кој поединечно се утврдуваат правата, обрвските и овластувањата во согласност со закон во име на сите градоначалници го потпишува градоначалникот на општина Кавадарци од една страна и Директорот на Претпријатието од друга страна.

Директорот е одговорен за резултатите од своето работење пред основачите.

Директорот во извршувањето на одлуките со кои се нанесува штета на Претпријатието одговара неограничено за штетата настаната со извршување на таквите одлуки.

Одговорноста на Директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

**Член 31**

Директорот,во име на Претпријатието е овластен да склучува договори и да преземе други правни работи како и да го застапува Претпријатието пред судот и други органи.

Директорот склучува договори и спогодби кои се однесуваат на реализација на инвестиционите вложувања предвидени со Инвестиционата програма и Програмата за заловување и хуман третман,заштита и благосостојба на бездомните кучиња , на подрачјето на Општините - основачи.

**Член 32**

Директорот на Јавното претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот,во следниве случаи:

-На негово барање;

-Ако поради некоја причина, според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно со Закон;

-Ако не работи и не постапува според Закон,Статут и актите на Јавното претпријатие или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив;

-Ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на Претпријатието;

-Ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на Јавното претпријатие;

-Ако не достави извештај согласно со членот 23-а став 1 од Законот за јавните претпријатија;

-Ако и по истекот на рокот определен со членот 23-а став 1 од Законот за јавните претпријатија не ги отстрани недостатоците или и во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење и

- Ако и по истекот на рокот определен во членот 5 став 3 и членот 7-а став 1 од Законот за јавните претпријатија, не ги објави тримесечниот извештај, кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на Јавното претпријатие на Веб страната на Јавното претпријатие;

**Член 33**

До именувањето на нов Директор, Градоначалникот на Општина Кавадарци во име на сите Градоначалници на Општините основачи именува Вршител на должност Директор на Претпријатието ,но не подолго од шест месеци.

Член 34

Директорот мора да определи вработен во Претпријатието кој го заменува во негово отсуство и го води тековното работење на претпријатието.

Вработеното лице го заменува Директорот на Претпријатието во негово отсуство или спреченост да ја врши функцијата,со права и обврски за кои ќе го овласти Директорот,согласно Законот и овој Статут.

## *8.ПОМОШНИ ОРГАНИ И ТЕЛА*

Член 35

За успешно функционирање на Претпријатието, како и за остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците,по потреба може да се формираат постојани и привремени комисии и работни тела.

Комисиите и работните групи ги формира Управниот одбор и Директорот на Претпријатието , секој во доменот на своите надлежности и овластувања.

Надлежноста, начинот на работа и другите прашања во врска со комисиите и работните тела се уредуваат со општ акт на Претпријатието.

Мандатот на Комисиите трае колку и членовите на Управниот одбор.

Член 36

Директорот на Претпријатието може како свое советодавно тело да формира стручен колегиум кој претставува советодавен, стручен и оперативен орган.

Со колегиумот раководи и истиот го свикува Директорот на Претпријатието.

Стручниот колегиум ги разгледува стручните и организационите прашања од интерес на Претпријатието.

За завземените ставови стручниот колегиум донесува заклучоци кои се доставуваат до Управниот одбор.

## *9.ОПШТИ АКТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

Член 37

Општи акти на Претпријатието се:

1.Статут на Претпријатието;

2.Правилник за деловна тајна;

3.Правилник за пожар;

4.Правилник за прием и престој на странки;

5.Деловник за работа на Управниот одбор;

6.Правилник за внатрешна организација;

7.Правилник за систематизација на работните места;

8.Колективен договор на Претпријатието;

9.Правилник за работен ред и дисциплина;

10.Правилник за плати;

11.Правилник за заштита при работа и

12.Други акти во согласност со Закон.

Во претпријатието можат да се донесат и други општи акти согласно со Закон.

Општите акти мора да бидат во согласност со законските прописи и овој Статут.

Општите акти влегуваат во сило со денот наведен во самиот акт и се објавуваат на огласна табла, доколку е потребна согласност од основачот, општиот акт ќе се применува по добивање на согласноста.

**Член 38**

Постапката за донесување, измена и дополнување на општите акти на Претпријатието се покренува со иницијатива на Директорот, Управниот одбор и Надзорниот одбор.

Директорот, односно Управниот одбор ја оценуваат оправданоста на покренатата иницијатива од ставот 1 на овој член.

## *10.РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

### 10.1.Имот и средства на Претпријатието

**Член 39**

Имотот на Претпријатието го сочинуваат сите објекти,средства,пари и права.

Претпријатието работи со онолку жиро сметки колку што му се потребни за остварување на своите функции.

**Член 40**

Финансирањето на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР-ШЕПА“Кавадарци ќе се врши:

- Од остварени сопствени приходи на Претпријатието

- Од Буџетите на Општините основачи на Заедничкото претпријатие „СТАЦИОНАР ШЕПА"Кавадарци на начин што секоја од Општините ќе исплаќа поединечен надомест кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци кој што ќе се врши квартално на секои 3 месеци. Средствата за секоја Општина се утврдуваат согласно бројот на жители, односно врз основа на Модел за управување и организациона поставеност на прифатилиштето на регионално ниво дел. бр. 08-19/3 од 17.01.2023 и одлука за избор на модел за управување со Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство дел. бр. 02-28/3 од 27.01.2023 донесени од страна на Совет за развој на Вардарски плански регион со што на годишно ниво би изнесувале:

- Општина Велес – 2.096.025,00 денари
- Општина Кавадарци – 1.545.452,00 денари
- Општина Неготино – 786.891,00 денари
- Општина Свети Николе – 662.590,00 денари
- Општина Демир Капија – 163.355,00 денари
- Општина Чашка – 343.492,00 денари
- Општина Градско – 139.827,00 денари
- Општина Лозово – 97.918,00 денари
- Општина Росоман – 164.177,00 денари

- Од донации и спонзорства и

- Од други извори на приходи

Општините - основачи со посебни одлуки во зависност од потребата на претпријатието ќе отстапат на користење имот и опрема за работата на истото.

## 10.2.Програма за работа и развој на Претпријатието

### Член 41

За позитивното работење и развој на Претпријатието,односно за обезбедување на трајно и континуирано вршење на дејноста,квалитетот на услугите и зголемување на успешноста во работењето,Управниот одбор донесува Програма за работа и развој на Претпријатието на предлог на Директорот.Советите на Општините основачи даваат согласност за Програмата за работа и развој, односно потребно е апсолутно мнозинство, односно доволно е 5 Совети на Општините да дадат согласност на Програмата за работа и развој за истата да може да се спроведе и реализира.

За реализација на Програмата за работа и развој на Претпријатието одговорен е Директорот на Претпријатието.

## *11.ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО*

**Член 42**

Претпријатието е должно за својата работа и развојни програми , редовно да ја информира јавноста преку средствата за јавно информирање и на друг погоден начин.

Актите што се од значење на корисниците на услугите на претпријатието се објавуваат во службени гласници на Општините основачи и Веб страната на претпријтието.

**Член 43**

Претпријатието е должно редовно,навремено,целосно и вистинито да ги информира работниците за сите прашања кои се важни за работата и развојот на Претпријатието,како и за остварување на нивните права.

Работниците во Претпријатието се информираат преку билтен,огласни табли и други форми на информирање.

## *12.ДЕЛОВНА ТАЈНА*

**Член 44**

За деловна тајна се сметаат податоците што надлежен орган ги прогласил за деловна тајна и што како доверливи,Претпријатието ги соопштило на надлежниот орган.

Податоците што се сметаат за деловна тајна можат да се соопштат на трети лица,само врз основа на одлука на Управниот одбор на Претпријатието.

Не се смета за повреда на деловна тајна,ако податоците или документите за деловна тајна се соопштат на органи,организации или лица на кои им се соопштува согласно законските прописи и на седница на Управниот одбор,ако таквото соопштение е неопходно за вршење на дејноста.

**Член 45**

Податоците што претставуваат деловна тајна се чуваат одвоено од останатата документација на Претпријатието.

Податоците што претставуваат деловна тајна, дозволено е да се користат од овластени лица само во просториите на Претпријатието.

Одавањето на деловна тајна претставува тешка повреда на работните обврски.

Не се смета за повреда на деловна тајна,ако податоците или документите за деловна тајна се соопштат на органи,организации или лица на кои им се соопштува согласно законските прописи и на седница на Управниот одбор,ако таквото соопштение е неопходно за вршење на дејноста.

**Член 45**

Податоците што претставуваат деловна тајна се чуваат одвоено од останатата документација на Претпријатието.

Податоците што претставуваат деловна тајна, дозволено е да се користат од овластени лица само во просториите на Претпријатието.

Одавањето на деловна тајна претставува тешка повреда на работните обврски.

***13.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

**Член 46**

Општите акти утврдени со овој Статут ќе се усогласат и донесат во рок од 6 месеци од влегувањето во сила на Статутот.

**Член 47**

Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР-ШЕПА"Кавадарци со секоја од Општините - основачи ќе склучи посебен договор со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 48**

Овој Статут влегува во сила и ќе се применува од денот на добивање на согласност од Советите на Општините основачи и тоа: Општина Кавадарци, Општина Велес, Општина Демир Капија, Општина Градско, Општина Неготино, Општина Свети Николе, Општина Лозово, Општина Чашка и Општина Росоман.

Управен одбор

Претседател

**Сашко Ташковски**